**20240210594**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 394 алинеја 12 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија” бр. 169/15, 226/15, 55/16, 11/18,83/18, 70/19) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 302/20 и 122/21), министерот за внатрешни работи донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ВОЗАЧКИТЕ ИСПИТИ И ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ВО ОДНОС НА ПРОСТОРНИТЕ УСЛОВИ И МАТЕРИЈАЛНО - ТЕХНИЧКАТА И ИНФОРМАТИЧКАТА ОПРЕМА НА ИСПИТНИТЕ ЦЕНТРИ И ВОДЕЊЕТО НА ЕВИДЕНЦИИТЕ ВО ВРСКА СО СПРОВЕДЕНИТЕ ВОЗАЧКИ ИСПИТИ, КАКО И НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ИСПИТЕН ЦЕНТАР, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА ИСПИТЕН ЦЕНТАР

Член 1

Во Правилникот за начинот на спроведување на возачките испити и поблиските критериуми во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на испитните центри и водењето на евиденциите во врска со спроведените возачки испити, како и начинот на издавање и одземање на лиценца за испитен центар, формата и содржината на образецот на лиценцата за испитен центар („Службен весник на Република Македонија“ бр.139/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.108/22), во член 2 во став 1 во точките „6.“ и „8.“ зборот „три“ се заменува со зборот „две“.

Член 2

Во член 10 во ставот (2) зборовите „испитната комисија“ се заменуваат со зборовите „испитниот центар“.

Член 3

Во член 13 ставот (2) се менува и гласи:

„По исклучок од ставот (1) на овој член, од страна кандидатот за возач може да се одложи возачкиот испит и во период пократок од наведениот во ставот (1) на овој член, пред почетокот на закажаното полагање за што доставува соодветна документација (потврда, уверение и сл.) до раководителот на испитниот центар.

Член 4

Во член 20 во ставот (2) по зборот „теоретскиот“ се додаваат зборовите „и практичниот“.

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13.1.1-10206/1
25 јануари 2024 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски**, с.р.